




# Кодекс за однесување на учениците при настава од далечина (online)

Лојалноста и интегритетот во однесувањето се клучни концепти во остварување на воспитно-образовната дејност. Преку неа се дефинира интеракцијата и интерперсоналното однесувањето на учениците кон наставникот, како и кон самите себе при спроведување на наставниот процес. Поради тековната состојба со КОВИД пандемијата и прекинувањето на воспитно-образовниот процес ќе се организира онлајн настава преку учење од далечина, на одреден период (пократок или подолг во зависност од епидемиолошката состојба) па дури и доколку состојбата го налага тоа и во текот на целата наставна година. Наставата ќе се реализира преку средства за електронска комуникација и креирана Национална платформа без заедничко физичко присуство за учесниците во наставниот процес, и истите ќе овозможуваат заемна **двонасочна комуникација.** Во контекст на наведеното секој ученик е должен да го почитува Кодексот за однесување при (online) настава со следните правила:

- овој вид на настава, додека трае оваа состојба е формален вид на настава одобрен од Министерството за образование и наука;
- секоја непримерна онлајн комуникација и објавување на непримерни содржини ќе биде санкционирана со педагошки мерки предвидени за тоа;
- за време на онлајн наставата однесувајте се како и за време на редовна настава, што подразбира примерно однесување, меѓусебно почитување, прифаќање на разликите, без дискриминирање и соодветно изразување;
- редовно, навремено пристапување кон Националната платформа и активно учество во реализирање на наставните часови;
- секое неоправдано отсуство од час ќе се евидентира како неоправдан изостанок;
- залагање за создавање на пријатна и позитивна работна атмосфера за време на онлајн наставата и настојување за непосредно учество во реализација на поставените цели и задачи;
- почитување на распоресот на часови за учење од далечина;
- почитување на времетраењето на часот кој ќе трае 35 минути, и 5 минути за приклучување;

- после секој наставен час се користи мал одмор во траење од 5 минути, и голем одмор во траење од 15 минути помеѓу вториот и третиот час;
- совесно и целосно извршување на секое добиено задолжение;
- за време на онлајн наставата учениците треба да имаат до себе учебници, тетратки и останат прибор кој ќе им биде потребен за непрекинато одвивање на наставата;
- сите треба да ги почитуваат авторските права, односно туѓите изработки не смеат да ги прикажуваат како свои;
- не е  дозволено дистрибуирање на материјалите кои учениците ги добиваат од нивните наставници;
- на учениците им се забранува какво било снимање на наставата, сликање, споделување на наставата, со цел да се заштитат правата на останатите учењници;
- начинот на реализација на практичната настава и феријалната практика ќе се реализира согласно со  состојбата со пандемијата за која дополнителни информации ќе се објават на Националната платформа;
- проверката на знаењата на учениците ќе биде организирана согласно со епидемиолошката состојба, а ако постојат услови може да биде и со физичко присуство во училница по групи. Насоки за тоа како ќе се вреднуваат знаењата на учениците ќе бидат истакнати на Националната платформа;
- за секој проблем во однос на наставата ученикот го консултира раководителот на паралелката.

